АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 24.07.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4779 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво за телевизиски активности ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 12 јули 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 23 јули 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 4 јуни 2015 година, за непочитување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-826, 04.06.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво за телевизиски активности ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво за телевизиски активности ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје, емитуван на 12 јули 2015 година, е **констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) делумно постапил по решението** за изрекување мерка - (Уп1 бр. 03-826, 04.06.2015 година), односно **ја отстранил само извршената повреда на член 92 став 14** (половина од изворно создадената програма во Република Македонија на

македонски јазик, да ја емитува во периодот од 7:00 до 19:00 часот), но <u>**продолжил со прекршување на одредбите од член 92 став 1**</u> од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврска дневно да емитува најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик).

Во анализираниот ден, телевизискиот програмски сервис на ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје емитуваше 7 часа 41 минута и 3 секунди изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик што е **36,17%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час 14 минути и 46 секунди), односно за 48 минути и 51 секунда помалку од потребниот минимум. 40%, колку што е законскиот минимум за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден во однос на вкупно емитуваната програма што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21:14:46), е 8 часа 29 минути и 54 секунди.

Половина од овој законски минимум е 4 часа 14 минути и 57 секунди изворно создадена програма во РМ на македонски јазик, што медиумот требало да ја емитува во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје, емитувал вкупно 4 часа 53 минути и 41 секунда со што <u>ја отстранил извршената повреда на член 92 став 14</u> од Законот.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво за телевизиски активности ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје, на 12 јули 2015 година, не емитуваше најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка – опомена, донесено на 4 јуни 2015 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво за телевизиски активности ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје, продолжил со вршење на повредата од <u>**член 92 став 1**</u> од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка

***Сектор за програмски работи***